Машински факултет
Број 02-646/1
7.03.2013 год.
Скопје

Врз основа на член 43 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Машински факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а во врска со Одлуката за примена на студиските програми од прв циклус студии воведени во учебната 2012/2013 година број 02-2648/1 од 25.09.2012 година, на предлог од Продеканот за наставна дејност, Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 7 март 2013 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## за уредување на условите за добивање потпис за наставни предмети од зимски семестар во учебната 2012/2013 година

1. Со оваа одлука се уредуваат условите за дополнително исполнување на обврските за добивање потпис по наставни предмети од зимски семестар од втора студиска година кои се следени во учебната 2012/2013 година по студиските и предметните програми на кредит трансфер системот воведен на Машински факултет во учебната 2004/2005 година (стар ЕКТС).

2. Студентите на прв циклус/додипломски студии на Машински факултет кои студираат според одредбите на кредит трансфер системот од точка 1 и за кои крајниот рок за исполнување на обврските за добивање потпис по предмети од втора година на студии истекува со крајот на учебната 2012/2013 година, можат дополнително да ги исполнат обврските и условите за добивање потпис предвидени со предметните програми за следниве предмети од III зимски семестар:

- динамика, осцилации и механизми со 8 ЕКТС, на четиригодишните студиски програми по Транспорт, механизација и логистика, Материјали, заварување и конструктивно инженерство и Моторни возила;
- CAD техники со 6 ЕКТС, на тригодишната студиска програма по Индустриски дизајн.

3. Студентите правото што им се дава со оваа одлука ќе го остварат под следниве општи и посебни услови:

- да запишале зимски и летен семестар во учебната 2012/2013 година;
- во зимскиот семестар да го запишале и следеле соодветниот наставен предмет од точка 2;
- за предметот динамика, осцилации и механизми, до крајот на наставата во летниот семестар да ги предадат изработени домашните задачи по динамика и осцилации и програмата - графичката работа по механизми;
- за предметот CAD техники, да ги повторат сите обврски по предметот со вклучување и следење на наставата која во летниот семестар е организирана за предметот конструирање со помош на компјутер со 6 ЕКТС, фиксен во II семестар на студиската програма Индустриски дизајн и изборен од модулот М2-8 на сите четиригодишни студиски програми.

4. Заверката на добиениот потпис ќе се изврши во зимскиот семестар со забелешка дека потписот е добиен по дополнително исполнување на обврските.

5. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Одлуката да се достави до: продекан за наставна дејност, предметните наставници, студентска служба, огласна табла, општа служба и архивата на Факултетот.

Декан

Проф. д-р Атанас Кочов